| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** |
| 2. | **Код** | 508232 |
| 3. | **Студиска програма** | ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втор |
| 6. | **Академска година/семестар** | четврта година/ осми семестар |
| 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Татјана Зороска Камиловска<br>Доц. д-р Милка Ракочевиќ |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | |
| | Цел на предметната програма по стечајна постапка е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за овој дел на правото и со специфични вештини за негова примена во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните поими и институти на стечајната постапка,<br>- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со водењето на стечајната постапка.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по стечајна постапка ќе ги обработи теоретските аспекти на оваа гранка на правото, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на неговите норми.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на стечајната постапка од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката; и<br>ќе бидат оспособени за преземање одделни дејствија од рамките на оваа постапка. | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Стечајната постапка е посебна гранка на граѓанската судска постапка која од другите гранки на граѓанската судска постапка се разликува по предметот, методот на регулирање, принципите на постапката и процесните цели.<br>Стечајната постапка ја сочинуваат правните правила со кои е регулирана постапката на генерална егзекуција над имотот на стечајниот должник во корист на стечајните доверители.<br>Стечајната постапка претставува посебен вид на извршување што се спроведува врз целокупниот имот на должникот, а стечајните доверители се намируваат истовремено, заеднички и сразмерно на висината на своите побарувања. Причините поради кои доаѓа до отворање на стечај над имотот на стечајниот должник, како и последиците од стечајот се предмет на проучување на материјалното стечајно право, додека во рамките на предметот стечајна постапка се проучуваат процесноправните аспекти – структурата на стечајната постапка, положбата на процесните субјекти во неа, нивните активности и дејството што тие го произведуваат, како и заемните односи меѓу процесните субјекти. | |
| 12. | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини. Студентите ќе бидат поделени во помали групи - тимови од 3-5 студенти кои заеднички ќе подготвуваат посложени истражувачки проекти.<br>Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања на кои преку дискусија студентите ќе се поттикнуваат сами да доаѓаат до заклучоци, практични вежби преку кои ќе се развиваат вештините на студентите, симулации и анализа на случаи, видеопрезентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, и преку предавања на практичари од областа. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 3.5+0+1,2+0+5,3 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52.5 часа |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17.5 часа |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 часа |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 поени |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 поени |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | / | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Д. Костовски | Закон за стечај – Коментари, објаснувања, судска практика и предметен регистар | Академик | 2014 |
| | 22.2 | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | M. Dika | Insolvencijsko parvo, Zagreb | | 1998 |